# Cuvée de Prestige 2009




Премиум суво црвено вино добиено со мешање на внимателно одбрано грозје од сортите Merlot (76%) и Cabernet Sauvignon (24%) уште за време на алкохолната ферментација. Виното се одликува со интензивна рубин црвена боја, допадлива арома на зрело црвено овошје, дискретни вегетативни ноти и примеси на кожа и темно чоколадо. Вкусот е полн со висока содржна на екстракт, присуство на меки сомотести танини и хармонична свежина која ја истакнува структурата. Комплексноста на ова cuvée се должи на повеќемесечното одлежување во нови и делумно користени дабови буриња со капацитет од 225l. Одличната структура и свежина ќе обезбеди развој и дополнителна комплексност со грижливо одлежување. За време на одлежувањето можно е да се јави мал талог.
Уживајте во виното со месо, дивеч, јаки сирења и разновидна зачинета храна. Да се консумира на температура од 14-16°C. Препорачливо е виното да се декантира пред послужување.

Алкохол: 13,8 % Vol. Полнето: Јули, 2011

НАГРАДИ:

- Vino Slovenija 2011, Злато
- Selection Mondiales des Vins Canada 2011, Сребро
- Premium Selection Wine Challenge 2011, Сребро